Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр. 103/08), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот *музички стимулации и ритмички вежби* за II одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух.

НАСТАВНА
ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МУЗИЧКИ СТИМУЛАЦИИ И РИТМИЧКИ ВЕЖБИ

II ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, мај 2009

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО II ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да развива правилен пејачки став (седење, држење, дишење);
- да развива навика за култивирано пеење (умерено пеење без гримаси, дигање на рамења и викање);
- да се оспособува да пее песни со разновидна ритмичко- мелодиска линија;
- да се оспособува за активно слушање на музиката;
- да препознава музика од различни инструменти;
- да ги памети, повторува, користи движењата во музичко – ритмички активности;
- да го идентификува и употребува ритамот;
- да се запознае со некои детски музички инструменти и да свири со нив;
- да создава интерес за изведување на звучни ефекти, спонтани импровизации на кратки музички мотиви и др.;
- да се воведува во музичкото творештво;
- да се поттикнува за сопствено музичко изразување.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| 1. ПЕЕЊЕ - АРТИКУЛАЦИЈА (ориентационо 20 часа ) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да стекнува навика правилно да го држи телото при пеење;<br><br>- да развива осет за ритам и да идентификува определен ритам;<br><br>- да развива интерес за пеење;<br><br>- да се оспособува да пее песни различни по содржина и карактер. | - Звуци<br><br>- Правилен став при пеење<br><br>- Ритам<br><br>- Пеење песни (детски, уметнички, народни, поврзани со државни и верски празници) различни по содржина и карактер (до две строфи со опсег c1 (d1) – a1) | - Звук<br>- Глас<br>- Пејач/ка<br>- Бројалка<br>- Брзозборка<br>- Песна<br>- Мелодија | - Вежби за правилна артикулација, држење на телото, вежби за дишење (да изведува движења на говорните органи без напрегање, умерено, без гримаси, дигање на рамената, без викање и др.).<br><br>- Изведба на куси реченици, бројалки и брзозборки со точен ритам и јасна дикција (пр., бројалки и брзозборки познати на учениците).<br><br>- Обиди за пеење (тактирање) песни различни по содржина и карактер (пр., пее песни за годишни времиња, детски песни народни песни и др.).<br><br>- Обиди за пеење (тактирање) песни различни по содржина и карактер (до две строфи со опсег c1 (d1) – a1). |

| 2. МУЗИКА, РИТАМ И ДВИЖЕЊЕ (ориентационо 25 часа ) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се поттикнува да ги усогласи своите движења со музичките карактеристики;<br><br>- да развива осет за ритам;<br><br>- да се поттикнува да изведува движења според однапред утврдена кореографија;<br><br>- да запознава и изведува едноставни народни ора;<br><br>- да се поттикнува за учество во елементарни музички драматизации. | - Музичко-ритмички чекорења (чекорење, марширање, потскокнување)<br><br>- Музички игри<br><br>- Танцување<br><br>- Елементарни музички драматизации (со користење на танц и пантомима) | - Гест<br><br>- Пантомима | - Изведување на потскокнувања на музичката придружба со staccato, движења според дадени вибрации на одредена подлога.<br>- Комбинирање на чекорења и потскокнувања;<br>- Изведување на движења според вибрациите на одредени УДАРНИ инструменти.<br>- Изведување на движења на телото со цел изразување на брзо и бавно темпо.<br>- Учество во музички игри.<br>- Изведба на едноставни танци и ора со употреба на инструменти кои даваат силни вибрации на подлогата (пр. тапани);<br>- Учество во елементарни музички драматизации (изведување на претстави, опери со танцување и употреба на фацијалната експресија). |

| 3. СЛУШАЊЕ МУЗИКА (ориентационо 12 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да слуша и препознава: класична, народна и музика за деца;<br><br>- да го препознава карактерот на музиката (весела, тажна, брза, бавна и др.);<br><br>- да разговара за музиката што ја слуша;<br><br>- да препознава народни песни и ора;<br><br>- да слуша и препознава звуци на одредени музички инструменти. | - Слушање класична и народна музика, како и музика за деца<br><br>- Слушање музички фолклор (народни песни и ора од својата етничка заедница и од другите заедници) | - Инструмент<br><br>- Изведба<br>- Изведувач<br><br>- Автор на музика<br><br>- Народна песна и оро | - Препознавање на различните видови музика преку вибрации.<br>- Вежби за развивање на основниот ларингеален глас.<br>- Вежби за коректура на артикулација.<br>- Препознавање на народни танци и ора преку употреба на видеоматеријали.<br>- Вежби за разликување на времетраењето и интензитетот на звукот добиен од различни музички инструменти. |

| 4. СВИРЕЊЕ НА ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ (ориентационо 4 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да развие осет за ритам;<br><br>- да се запознае со начинот на свирење на одредени детски музички инструменти;<br><br>- да повторува кратки ритмички мотиви;<br><br>- да придружува позната песна со одредени ДМИ. | - Ритам<br><br>- Свирење на детски ритмички инструменти<br><br>- Придружба на песни и кратки ритмички мотиви со детски музички инструменти | - Ритам<br><br>- Имиња на детски музички инструменти (кои се користат во училиштето)<br>- Придружба | - Вежби со изведување на ритмички движења со удирање на маса (краткотрајно, долготрајно), плескање со раце.<br><br>- Имитирање на движењата кои се изведуваат при свирење на детски ритмички инструменти направени од природни материјали.<br>- Изведба со детски ритмички инструменти (пр., повторува кратки ритмички мотиви).Едноставна ритмичка придружба на позната песна со ДМИ. |

| 5. ОСНОВИ НА МУЗИЧКАТА ПИСМЕНОСТ (ориентационо 3 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да ги препознава основните видови на динамика (силно – тивко) (повторување);<br><br>- да ги препознава основните видови на темпо (бавно - брзо);<br><br>- да ги препознава звучните појави (звук, шум, тон);<br><br>- да препознава еднакви, подолги и пократки траења. | - Звучни појави (звук, шум, тон)<br><br>- Визуелно графичко претставување на ритам | - Бавно движење<br><br>- Брзо движење<br><br>- Силно<br>- Тивко<br><br>- Шум<br><br>- Звук<br><br>- Тон | - Слушање и тактилно перципирање на музички примери и изразување основни видови на темпа (бавно- брзо) преку движење на телото, на пр., чукање на часовникот (бавно- брзо) или движење на полжавот (бавно движење) и зајакот (брзо движење).<br>- Препознавање на основните видови на темпа (силно - тивко) (преку игра на сокриен предмет: со плескање на рацете пр.: ако ученикот се приближи до предметот плескањето ќе биде посилно или ако се оддалечува од предметот тие ќе плескаат побавно (детска игра).<br>- Препознавање на звучни појави од природата и околината и создадени од човекот.<br>- Препознавање на еднакви, долги и кратки траења преку: релјефни модели, предмети, слики и едноставни графички симболи. |

| 6. ОСНОВИ НА ДЕТСКОТО МУЗИЧКО ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ (ориентационо 8 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се поттикнува за музичко изразување со глас, свирење, движење;<br><br>- да стекнува сигурност и самодоверба во сопственото музичко изразување;<br><br>- да ужива во музичкото изразување. | - Креативно изразување преку пеење, движење и свирење<br><br>- Ликовно изразување на впечатоците од слушаната музика | | - Самиот ученик на обработена песна или музички пример создава сопствена кореографија со движење на своето тело, измислување на чекори и движења со рацете, со употреба на гестикулација и адекватна фацијална експресија.<br>- Креативно изразување и творење на слушаните песни и музичките примери.<br>- Учество во игри (на пр., како чука клукајдрвецот).<br>- Учество во активности во кои учениците наместо да одговараат со зборови одговараат со пеење, односно преку плескање со рацете.<br>- Учество во активности преку ликовно изразување или моделирање на впечатоците од слушаната музика (перцпирана со помош на вибрации). |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- Наставните содржини по предметот музичко образование даваат можност да се реализираат интегрирано со содржините од наставните програми по мајчин јазик, математика, англиски јазик, запознавање на околината, музичко и физичко образование. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.
- При реализирање на содржините наставникот треба да го поттикнува и фали секое дете при музичкото изразување и не смее да се дозволи да се прави атмосфера на компетитивност меѓу учениците.
- Со оглед на специфичната природа на слушните оштетувања и корелацијата со предметот музички стимулации и ритмички вежби се препорачува изведување вежби за правилна артикулација и правилно дишење пред започнување на изведувањето на планираните содржини.
- Во однос на употребата на музички инструменти најсоодветно е да се употребуваат инструменти кои даваат силни вибрации (ударни инструменти) со цел учениците со слушни оштетувања тактилно да го перцепираат ритамот и да изведуваат адекватни движења на телото согласно со дадениот ритам.
- Програмата по музички стимулации и ритмички вежби треба да е во тесна корелација со предметот комуникација. Пред изведувањето на наставните содржини треба да се утврди слушниот статус на учениците со цел правилна процена на можностите и способности на учениците за усвојување на содржините по овој предмет.
- Учениците со слушни оштетувања треба да се мотивираат за креативно изразување преку смислување на сопствени движења, односно кореографија со употреба на гестикулација.
- Налозите треба да се даваат со употреба на методата на тотална комуникација и сите нови усвоени зборови односно поими треба да се запишуваат. Од учениците треба да се поставуваат барања, секој новоусвоен збор или поим да се употреби во различни и нови контекстни ситуации.

- **Годишен фонд на часови**

| | ТЕМИ | Број на часови |
|---|---|---|
| 1. | Пеење-артикулација | 20 часа |
| 2. | Музика, ритам и движење | 25 часа |
| 3. | Слушање музика | 12 часа |
| 4. | Свирење на детски музички инструменти | 4 часа |
| 5. | Основи на музичката писменост | 3 часа |
| 6. | Основи на детското музичко изразување и творење | 8 часа |
| Вкупно: | | 72 часа |

*Забелешка: Бројот на часовите е даден ориентационо.*

- **Наставни средства:**
  - аудио- визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер);
  - детски музички инструменти (се препорачува поголема застапеност на ударните музички инструменти);
  - дидактички средства и материјали;
  - разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
  - визуелни средства (слики, фотографии, апликации и сл.);
  - Интернет, образовни софтвери.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (формативно оценување).

При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап во постигањата на секое поединечно дете.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и на наставните средства за II одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата во второ одделение може да ја изведува лице кое завршило:
- Филозофски факултет – Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 7. РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот *музички стимулации и ритмички вежби* за второ одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух ја донесе

---------------------------------------
Никола Тодоров,
министер за образование и наука

Скопје, ---------------------------

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-2012/3
27.07.2009 год.
СКОПЈЕ